**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 октомври 2017 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: септември 2017 година

- Каматните стапки на вкупните кредити и вкупните депозити се непроменети веќе трет последователен месец, задржувајќи се на ниво од 5,9% и 1,5%, соодветно.

- Кај просечната каматна стапка на новоодобрените кредити во изминативе три месеци бележиме благ надолен тренд, така што во септември оваа стапка се спушти на 5,1%, при месечно намалување од 0,1 п.п.. Просечната каматна стапка на новопримените депозити се задржа на нивото од 1,3%, без месечна промена.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 12.2015 | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016 | 1.2017 | 2.2017 | 3.2017 | 4.2017 | 5.2017 | 6.2017 | 7.2017 | 8.2017 | 9.2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **6.5** | **6.5** | **6.4** | **6.3** | **6.2** | **6.2** | **6.1** | **6.1** | **6.1** | **6.0** | **6.0** | **5.9** | **5.9** | **5.9** |
| Корпоративен сектор | 6.3 | 6.2 | 6.1 | 6.0 | 5.8 | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.6 | 5.6 | 5.5 | 5.4 | 5.4 | 5.4 |
| Домаќинства | 6.8 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.9** | **6.0** | **5.9** | **5.8** | **5.3** | **5.9** | **5.4** | **5.4** | **5.3** | **5.5** | **5.2** | **5.4** | **5.2** | **5.1** |
| Корпоративен сектор | 5.9 | 6.0 | 5.8 | 5.8 | 5.2 | 5.9 | 5.1 | 5.2 | 5.1 | 5.4 | 5.0 | 5.2 | 5.0 | 4.7 |
| Домаќинства | 5.7 | 5.9 | 5.9 | 5.9 | 5.6 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.7 | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.7 | 5.8 |
| **Вкупни депозити** | **1.9** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.7** | **1.7** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.5** | **1.5** | **1.5** |
| Корпоративен сектор | 2.2 | 2.0 | 1.9 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 1.8 | 2.0 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.8 | 1.8 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.6 | 1.6 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 |
| **Новопримени депозити** | **1.6** | **1.7** | **1.4** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.4** | **1.4** | **1.4** | **1.5** | **1.2** | **1.3** | **1.3** |
| Корпоративен сектор | 1.3 | 1.3 | 0.9 | 1.4 | 1.5 | 1.3 | 1.3 | 1.1 | 1.0 | 1.1 | 1.2 | 1.0 | 1.0 | 1.2 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.9 | 1.9 | 1.7 | 1.8 | 1.7 | 1.8 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.3 | 1.5 | 1.5 |

Извор: НБРМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[2]







Извор: НБРМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор во септември се задржа на ниво од 5,4%, идентично како и претходните два месеца, додека на годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,6 п.п..

– Новото кредитирање на корпоративниот сектор во септември е остварено по просечна каматна стапка од 4,7%, при надолна промена од 0,3 п.п. во однос на претходниот месец. Притоа, месечно намалување на стапките се забележува кај сите компоненти, и тоа: кај каматната стапка на денарските кредити без и со валутна клаузула за 0,2 п.п. и 0,4 п.п., соодветно, додека кај каматната стапка на кредитите во странска валута за 0,5 п.п.. Споредено со септември минатата година, кај оваа каматна стапка регистрираме значителен пад од 1,1 п.п..







Извор:НБРМ.

[2] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор се однесува на нефинансиските институции (јавни и останати).

– Во септември годинава, каматната стапка на вкупните примени депозити од корпоративниот сектор се врати на нивото од 2,0% (евидентирано и во март, април и јуни годинава), при месечен раст од 0,2 п.п.. Притоа, месечното зголемувањето кај оваа каматна стапка произлегува од растот на стапките кај денарските депозити, со и без валутна клаузула (за 0,4 п.п. и 0,1 п.п., соодветно). На годишно ниво, оваа каматна стапка бележи минимален пад од 0,1 п.п..

– Просечната каматна стапка на новопримените депозити[3] на корпоративниот сектор во септември изнесува 1,2%, за 0,2 п.п. повисока во однос на претходниот месец. Месечниот раст кај оваа каматна стапка е резултат на зголемувањето кај каматната стапка на депозитите во странска валута и денарските депозити без валутна клаузула (за 0,3 п.п. и 0,1 п.п., соодветно), наспроти намалувањето кај каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,1 п.п.). Во однос на септември 2016 година, каматната стапка е намалена за 0,2 п.п..

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[4]







Извор: НБРМ.

– Септемвриската просечна каматната стапка на вкупните кредити одобрени на домаќинствата и натаму е на нивото од 6,5%, стабилна во последните пет месеци. Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,2 п.п..

– Новите кредити на домаќинствата во септември се одобрувале по просечна каматна стапка од 5,8% (повисока за 0,1 п.п. во однос на претходниот месец). Минималната нагорна промена се должи на зголемувањето кај каматната стапка на кредитите одобрени во странска валута (за 0,2 п.п.), во услови кога каматната стапка на денарските кредити без валутна клаузула бележи пад од 0,1 п.п.. На годишна основа, кај оваа каматна стапка регистрираме намалување за 0,1 п.п..

---

[3] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРМ.

– Заклучно со септември, просечната каматна стапка на вкупните депозити од домаќинствата веќе половина година е без промени, на ниво од 1,5%. Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,2 п.п..

– Просечната каматна стапка по која се примаат нови депозити[5] од домаќинствата во септември се одржа на нивото од август годинава, односно 1,5%. Споредено со септември минатата година, оваа каматна стапка е намалена за 0,2 п.п..

[5] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечни податоци за каматните стапки: 30 ноември 2017 (референтен пресек заклучно со октомври 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).